РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-142/1
08-01-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот со број 08-1874/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.
Предметот со број 08-1874/1 од 02.07.2025 година да се затвори и архивира.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 08-1874/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ________________________по престанок на функцијата член на Управниот одбор на ___________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Службен весник на РСМ, по што констатира дека лицето __________________ е разрешено од вршење на функцијата член на Управниот одбор на ____________________ со Решение бр.14-13308/1 од 31.12.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во Службен весник на РСМ бр.9 од 15.01.2025 година.
Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија изврши увид во сопствената евиденција и констатира дека лицето __________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управниот одбор на ________________________ не поднело Изјава за имотна состојба и интереси.

Поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето_____________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1874/4 од 29.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1874/5 од 29.09.2025 година, по што истите се уредно примени со датум 01.10.2025 и потпис на прием. Лицето ___________________ на ден 06.10.2025 година извршило уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница со бр.08-1874/6 од 07.10.2025 година како доказ за ивршена уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК